**ПРАКСИС пречистен текст**

# ЗАКОН

## ЗА ОТВОРЕНИТЕ ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/11, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18)

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

## Член 1

Со овој закон се уредуваат дејноста, управувањето, раководењето, финансирањето, надзорот, како и други прашања поврзани со работата на отворените граѓански универзитети за доживотно учење.

## Член 2

Одделни поими употребени со овој закон го имаат следново значење:

1. „Отворени граѓански универзитети за доживотно учење“ се установи кои вршат јавна услуга како дејност од областа на формалното образование на младите и возрасните лица (основно образование за возрасни, средно образование за возрасни, стручно оспособување, стручно образование за занимање, техничко образование и постсредно образование за возрасни, преквалификација и доквалификација) согласно со Законот за образование на возрасните, како и неформално образование на младите и возрасните лица насочено за оспособување за работа, за различни социјални активности или личен развој согласно со Законот за образование на возрасните;

2. „Ученик“ е лице кое ги користи услугите на отворените граѓански универзитети за доживотно учење од областа на формалното образование на младите и возрасните лица согласно со Законот за образование на возрасните и

3. „Учесник“ е лице кое ги користи услугите на отворените граѓански универзитети за доживотно учење од областа на неформално образование на младите и возрасните лица согласно со Законот за образование на возрасните.

# Член 3

(1) Во отворените граѓански универзитети за доживотно учење се реализира формално и неформално образование на младите и возрасните лица.

1. Формално образование на младите и возрасните лица опфаќа:

- основно образование за возрасни,

- средно образование за возрасни, стручно оспособување, стручно образование за занимање, техничко образование и постсредно образование за возрасни, како и преквалификација и доквалификација.

Основното образование за возрасни се изведува во јавни отворени граѓански универзитети за доживотно учење и тоа како редовно и вонредно образование.

Средното образование за возрасни, стручно оспособување, стручно образование за занимање, техничко образование и постсредно образование за возрасни, како и преквалификација и доквалификација се изведува во јавни, мешовити и приватни отворени граѓански универзитети за доживотно учење и тоа како редовно и вонредно образование.

Формалното образование за возрасните се спроведува во согласност со законите кои ја уредуваат оваа дејност, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

2. Неформално образование на младите и возрасните лица, означува организирани процеси на учење насочени за оспособување на младите и возрасните лица за работа, за различни социјални активности или личен развој согласно со Законот за образование на возрасните.

(2) Отворените граѓански универзитети за доживотно учење се јавни, мешовити или приватни установи кои вршат дејност од јавен интерес.

(3) Отворените граѓански универзитети за доживотно учење имаат својство на правни лица.

## Член 4

(1) Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење има статут.

(2) Со статутот особено се уредува: организацијата и вршењето на дејноста, називот, седиштето, управувањето и раководењето, контролата, правата и обврските на учесниците, правата и обврските на вработените и други прашања од значење за работа на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење.

(3) Статутот на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење го донесува управниот одбор.

(4) На статутот на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење согласност дава Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството), по претходно позитивно мислење од Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасните.

# II. ПЕДАГОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА

## Член 5

Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење педагошката документација и евиденција ја води и издава во согласност со овој закон, Законот за основното образование, Законот за Бирото за развој на образованието, Законот за стручно образование и обука и Законот за образование на возрасните.

# III. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО ОТВОРЕНИТЕ ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

1. Орган на управување

# Член 6

(1) Орган на управување на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење е управниот одбор.

(2) Управниот одбор го сочинуваат пет члена, и тоа: двајца членови од редот на вработените во отворениот граѓански универзитет за доживотно учење, двајца членови кои ги именува основачот на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење и еден член од Министерството за образование и наука.

(3) Претседателот на управниот одбор се именува од редот на членовите на управниот одбор.

(4) Претседателот и членовите на управниот одбор се именуваат со мандат од пет години и може само уште еднаш повторно да бидат именувани.

(5) Одлуките на управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

# Член 7

(1) Вработените во отворениот граѓански универзитет за доживотно учење своите претставници во управниот одбор ги избираат непосредно и тајно.

(2) Начинот за избор на претставниците на вработените на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење во управниот одбор се утврдува со статутот на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење.

# Член 8

За претседател на управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,

- да има завршено високо образование и

- да има работно искуство од три години.

## Член 9

Управниот одбор на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење:

- го донесува статутот на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење,

- спроведува постапка за именување и разрешување на директор,

- ја донесува годишната програма за работа на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење и ја доставува на усвојување до основачот, најдоцна до 1 ноември,

- го донесува годишниот извештај за работа на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење и го доставува до основачот, најдоцна до 1 март,

- ја донесува завршната сметка,

- го донесува годишниот финансиски извештај за отворениот граѓански универзитет за доживотно учење, најдоцна до 1 март,

- дава согласност на актите за организација и работа и систематизација на работните места на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење,

- одлучува по приговорите и жалбите во врска со работниот однос на вработените во отворениот граѓански универзитет за доживотно учење,

- донесува деловник за својата работа и

- врши други работи утврдени со закон и статутот.

2. Орган на раководење

## Член 10

(1) Со отворениот граѓански универзитет за доживотно учење раководи директор.

(2) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен

4) има положен испит за директор за основно, односно средно училиште;

5) има минимум пет години работно искуство и

6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или

- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

(3) По исклучок, доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор.

(4) Доколку избраниот директор не го положи испитот за директор во рокот утврден во ставот (3) на овој член, му престанува мандатот на директор.

(5) Директорот се именува за време од четири години и може повторно да биде именуван за уште еден мандат.

# Член 11

Директорот на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење ги врши следниве работи:

- ја организира и раководи со работата на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење,

- го претставува и застапува отворениот граѓански универзитет за доживотно учење,

- ја предлага годишната програма за работа на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење до управниот одбор, најдоцна до 1 октомври,

- го предлага годишниот извештај за работа на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење до управниот одбор, најдоцна до 31 јануари,

- ја предлага до управниот одбор завршната сметка,

- го предлага годишниот финансиски извештај на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење до управниот одбор, најдоцна до 1 февруари,

- ја организира реализацијата на годишната програма,

- ги донесува актите за организација и работа и систематизација на работните места на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење,

- ги донесува актите во врска со работниот однос со вработените,

- одговара за материјално-финансиското работење и законитоста на работењето на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење и - врши други работи утврдени со закон и статутот.

## Член 12

(1) Директорот на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење го именува и разрешува управниот одбор на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење.

(2) Управниот одбор на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор.

(3) Во јавниот оглас во јавните гласила се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши именувањето.

(4) Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи до управниот одбор на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење. Кандидатите кон пријавата мора да приложат програма за работа на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење за период од четири години.

(5) Пристигнатите документи ги прегледува комисија составена од три члена, избрана од управниот одбор чија надлежност се утврдува со статутот на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење.

(6) Комисијата од ставот (5) на овој член во рок од седум дена по завршувањето на јавниот оглас ги разгледува пристигнатите документи и на управниот одбор му доставува листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за директор на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење.

(7) Од листата на кандидати од ставот (6) на овој член, управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број членови во рок од 15 дена од денот на добивањето на листата именува директор на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење.

(8) Ако управниот одбор, во рокот утврден со ставот (7) од овој член не именува директор именувањето го врши министерот надлежен за образование (во натамошниот текст: министерот).

(9) Кандидатите кои не се именувани, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до второстепената комисија на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

(10) Против одлуката на комисијата од ставот (9) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

# Член 13

(1) Ако од која било причина не се именува директор на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење, управниот одбор без јавен конкурс ќе именува вршител на должноста директор од редот на вработените во отворениот граѓански универзитет за доживотно учење.

(2) Вршителот на должноста директор ги има сите права и должности на директор на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење.

(3) Вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор, а најдолго за шест месеци.

(4) За вршител на должноста директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите како за избор на директор.

# Член 14

(1) На директорот на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење му престанува мандатот, ако:

- сам тоа го побара,

- трајно ја загуби способноста за вршење на должноста директор и

- ги исполни условите за старосна пензија.

(2) Директорот на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење се разрешува пред истекот на мандатот ако:

- направи повреда на одредбите на законите или други прописи и акти, утврдени од

Државниот просветен инспекторат;

- не ја остварува програмата за работа;

- по негова вина е нанесена штета на учесниците и учениците или на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење;

- дозволи организирање на дејности и активности што се во спротивност со наставниот план и програмите и

- дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење.

(3) Иницијатива за разрешување на директор пред истекот на мандат до управниот одбор може да поднесе основачот и Државниот просветен инспекторат доколку е утврдена неправилност од ставот (2) на овој член.

3. Стручен орган

# Член 15

(1) Стручен орган на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење е наставничкиот совет.

(2) Наставничкиот совет на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење го сочинуваат наставниците и стручните соработници. Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот.

(3) Наставничкиот совет на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење:

- дава мислења за годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување;

- го разгледува и утврдува успехот на учесниците и учениците;

- го разгледува остварувањето на програмата и презема мерки за нејзино извршување;

- донесува одлуки по приговори на учесниците и учениците за утврдените оценки;

- го разгледува извештајот од реализација на годишната програма за работа и предлага соодветни мерки;

- расправа и одлучува за стручни прашања поврзани со воспитно-образовната работа;

- дава мислење за годишниот финансиски план на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење;

- дава мислење за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањата во наставата и учењето и

- врши и други работи утврдени во статутот на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење.

# IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА ОТВОРЕНИТЕ ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

## Член 16

Средствата за финансирање на отворените граѓански универзитети за доживотно учење може да се обезбедат од сопствени приходи од извршени услуги, од основачот, од Буџетот на Република Македонија, како и од легати, подароци, донации и од други извори.

# V. НАДЗОР

## Член 17

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот просветен инспекторат, согласно со закон.

(3) Државниот просветен инспекторат, согласно со закон, врши интегрална евалуација на отворените граѓански универзитети за доживотно учење.

## Член 18

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот просветен инспектор утврди дека е сторена неправилност од членот 19 ставови (1) и (2) на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или отворениот граѓански универзитет за доживотно учење каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот просветен инспекторат кој го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за едно или повеќе лица, односно еден или повеќе отворени граѓански универзитети за доживотно учење.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или отворениот граѓански универзитет за доживотно учење над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или отворениот граѓански универзитет за доживотно учење над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку државниот просветен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку државниот просветен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

(9) Државниот просветен инспекторат кој што го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот.

# VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

## Член 19

(1) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење, ако:

- применува статут на кој нема добиено согласност од Министерството (член 4 став (4)),

- годишната програма за работа не ја достави до основачот во определениот рок (член 9 алинеја 3) и

- годишниот извештај за работа не го достави до основачот во определениот рок (член 9 алинеја 4).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење, ако:

- не се води или се води и издава педагошката документација и евиденција спротивно на членот 5 од овој закон,

- не донесе одлука три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор да објави јавен оглас за именување на директор (член 12 став (2)) и

- не овозможи вршење на надзор над законитоста и инспекциски надзор (член 17).

(4) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице.

(5) Глоба во износ од 250 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на наставникот, ако:

- не ја води педагошката документација и евиденција или ја води и издава спротивно на членот 5 од овој закон и

- не овозможи вршење на надзор над законитоста и инспекциски надзор (член 17).

**Член 19-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

# Член 20

(1) За прекршоците утврдени во член 19 од овој закон, државниот просветен инспектор должен е на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоци.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

(3) Во записникот од став 2 на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува одговорното лице во правното лице или од него овластено лице.

(5) Државниот просветен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатата постапка.

(6) Во евиденцијата од ставот 5 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште,

односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот 6 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(8) Министерот за образование и наука ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

## Член 20-а

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

# VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## Член 21

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон постојните работнички и народни универзитети продолжуваат со работа како отворени граѓански универзитети за доживотно учење на општините и на градот Скопје.

(2) Ако општините и градот Скопје со одлука не ги преземат отворените граѓански универзитети за доживотно учење, постојните работнички и народни универзитети можат да се трансформираат во приватни установи согласно со одредбите за трансформација на јавна установа во приватна установа согласно со Законот за установите, водејќи сметка при процена на вредноста на објектите и имотот на постојните работнички и народни универзитети, вложените средства од вработените стекнати од самофинансирање да се сметаат за вложен капитал на вработените кои ќе бидат земени предвид при самата процена.

## Член 22

Објектите и имотот на постојните работнички и народни универзитети, кои се во сопственост на Република Македонија, со одлука на Владата на Република Македонија ги

преземаат општините за отворените граѓански универзитети за доживотно учење на своите подрачја под услов да продолжат да ја остваруваат дејноста за која се основани.

## Член 23

Постојните работнички и народни универзитети во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ја усогласува својата организација, работа, статут и други акти со овој закон.

## Член 24

Директорите на постојните работнички и народни универзитети продолжуваат со работа како директори на отворени граѓански универзитети за доживотно учење до истекот на мандатот за кој се именувани.

## Член 25

Подзаконските акти предвидени во членот 18 од овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## Член 26

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службениот весник на Република Македонија“.

**ВАЖЕЧКИ ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ ОД НОВЕЛИТЕ НА ЗАКОНОТ**

I. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/14

# Член 3

Директорот на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење именуван до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

II. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/18

## Член 3

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на именувањето.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.